**Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија**
Натпревари по хемија за ученици од основно и средно образование

http://sctm.mk/

# ПРАВИЛА ЗА РЕГИОНАЛЕН НАТПРЕВАР, 6 април 2019

1) Натпреварот започнува во **10:00 ч**. Натпреварувачите треба да бидат пред училницата во која ќе се одвива натпреварот најдоцна во **09:45 ч**.
2) Натпреварувачите се должни да носат со себе **сино хемиско пенкало** и калкулатор („дигитрон"). Тестовите се изработуваат користејќи го хемиското пенкало. **Не е дозволено да се работи со молив**. Забранета е употреба на **џебни компјутери** наместо калкулатори (проверката да се изврши пред почетокот на натпреварот).
3) Забранета е употреба на **мобилни телефони** (учениците треба да ги оставаат мобилните телефони на катедрата на почетокот на натпреварот и да си ги земат по неговото завршување).
4) На делот со повеќе понудени одговори од кои еден е точен, **не смее да се врши поправање/пре-правање** на резултатот. Било какви поправки, шкртаници или заокружени два или повеќе одговори автоматски се оценуваат како погрешен одговор.
5) Забранет е **било каков** разговор меѓу натпреварувачите.
6) Забранета е употреба на **книги, тетратки, ливчиња, таблица на периодниот систем** и слично. Сите потребни податоци се дадени во тестот.
7) Крајниот резултат (кај задачите начинот на решавање) треба да бидат предаден **читко и прегледно**.
8) Ако натпреварувачот сака да постави прашање, прашањето мора да биде поставено тивко, кратко и јасно. Доколку одговорниот наставник заклучи дека прашањето заслужува одговор, тој гласно го повторува прашањето и дава одговор. Во спротивно, повторно гласно, се одговара (на пример: „Тоа не е од значење за натпреварот", „Тоа би требало да го знаеш", „Токму тоа е прашањето " и слично).
9) Натпреварувач што нема да се придржува до некое (или повеќе) од овие правила/препораки, може да биде исклучен од натпреварот.
10) Натпреварот трае **90 минути**. Вкупниот број поени што може да се освојат **е 50**: 30 поени од прашања на заокружување и 20 поени од задачи.
11) **Регионалната комисија** е составена од пријавените ментори за членови во комисијата, координаторот и член од Државната комисија.
12) **Координаторот** поседува список од ученици кои имаат право да учествуваат на натпреварот и прави распоред, при што учениците од исто училиште треба да бидат максимално оддалечени еден од друг. **Списоците со распоред на ученици** треба да бидат истакнати на видно место на влезот на училиштето, како и на вратата на секоја училница во која што ќе се натпреваруваат учениците.
13) Училиштата-домаќини се должни да обезбедат **тестатори** за натпреварот, кои не треба да се настав-ници по хемија и **кои треба да се запознаени со овие правила** (примерок во секоја училница).
14) Претставникот од Државната комисија ги носи испечатените тестови кои се наоѓаат во запечатена кутија или коверт.
15) Претставникот од Државната комисија и координаторот од училиштето домаќин на регионалниот натпревар, по завршувањето на натпреварот ги внесуваат шифрите на ковертот и тестот.
16) Регионалната комисија ги прегледува и оценува тестовите, по што се отвораат ковертите и се истакнуваат прелиминарните резултати на огласна табла во училиштето.
17) **Само наставникот-ментор има право да поднесе приговор за својот ученик** и тоа за конкретно прашање или задача, во рок од 60 min по истакнувањето на прелиминарните резултати. Овие приговори веднаш ќе бидат разгледани од регионалната комисија.
18) Приговорите поднесени подоцна нема да се разгледуваат.
19) Официјалните резултати од регионалниот натпревар по хемија за ученици од основното и средното образование ќе бидат објавени на веб страницата на СХТМ на 8 април, 2019.